**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 април 2022 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: март 2022 година

– Во март 2022 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 4,30%, што претставува месечно и годишно намалување од 0,03 п.п. и 0,29 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити оствари месечен и годишен пад од 0,01 п.п. и 0,19 п.п., соодветно и изнесува 0,70%.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], во март, се намали на месечна и на годишна основа за 0,19 п.п., соодветно и изнесува 3,75%. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 0,68% и забележа месечен раст од 0,12 п.п., а на годишно ниво е намалена за 0,08 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3,4,5]

| | 3.2021 | 6.2021 | 9.2021 | 12.2021 | 1.2022 | 2.2022 | 3.2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **4.59** | **4.54** | **4.46** | **4.37** | **4.35** | **4.33** | **4.30** |
| Корпоративен сектор | 3.70 | 3.65 | 3.58 | 3.48 | 3.45 | 3.45 | 3.43 |
| Домаќинства | 5.40 | 5.33 | 5.24 | 5.18 | 5.16 | 5.14 | 5.11 |
| **Новоодобрени кредити** | **3.94** | **4.03** | **4.03** | **3.61** | **3.84** | **3.94** | **3.75** |
| Корпоративен сектор | 3.51 | 3.43 | 3.63 | 3.22 | 3.48 | 3.48 | 3.31 |
| Домаќинства | 4.61 | 4.64 | 4.61 | 4.34 | 4.40 | 4.54 | 4.47 |
| **Вкупни депозити** | **0.89** | **0.84** | **0.78** | **0.74** | **0.71** | **0.71** | **0.70** |
| Корпоративен сектор | 1.15 | 1.16 | 1.08 | 0.92 | 0.88 | 0.90 | 0.94 |
| Домаќинства | 0.86 | 0.80 | 0.74 | 0.72 | 0.70 | 0.69 | 0.68 |
| **Новопримени депозити** | **0.76** | **0.53** | **0.85** | **0.70** | **0.53** | **0.56** | **0.68** |
| Корпоративен сектор | 0.75 | 0.51 | 0.62 | 0.29 | 0.42 | 0.29 | 0.77 |
| Домаќинства | 0.77 | 0.53 | 0.94 | 0.90 | 0.58 | 0.65 | 0.63 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити / кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите / кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[4] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

[5] Податоците за каматните стапки од август 2020 година не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

Во март, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор изнесува 3,43% и е пониска за 0,02 п.п., на месечно ниво. Надолната промена е резултат на намалувањето на каматните стапки на кредитите во денари со и без валутна клаузула (за 0,03 п.п. и 0,02 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута се непроменети. Во споредба со март минатата година, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор бележи пад од 0,27 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор, овој месец, изнесува 3,31% и оствари месечен пад од 0,17 п.п. Падот се должи на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,30 п.п.) и каматните стапки на кредитите во денари без и со валутна клаузула (за 0,17 п.п. и 0,09 п.п., соодветно). Анализирано на годишна основа, оваа каматна стапка се намали за 0,20 п.п.







Извор: НБРСМ.

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

- Во март, каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор изнесува 0,94% и е повисока за 0,04 п.п., во споредба со претходниот месец. Месечната промена е резултат на зголемувањето кај сите компоненти: каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,07 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,06 п.п. и 0,01 п.п., соодветно). Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор забележа годишно намалување од 0,21 п.п.

- Каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор, овој месец, бележи раст од 0,48 п.п. на месечна основа и изнесува 0,77%. Растот произлегува од зголемувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,99 п.п.) и каматните стапки на депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,34 п.п.). Истовремено, каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула, во март, изнесува 0,23%, за разлика од претходниот месец кога банките и штедилниците не примиле ваков вид депозити. На годишна основа, оваа каматна стапка е повисока за 0,02 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

- Во март, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е намалена за 0,03 п.п. во однос на февруари и изнесува 5,11%. Надолната промена е резултат на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,04 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со и без валутна клаузула (за 0,02 п.п., соодветно). Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата е намалена за 0,29 п.п., на годишно ниво.

---

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата, овој месец изнесува 4,47%, што претставува месечен пад од 0,07 п.п. Анализирано според структурата, падот целосно се објаснува со намалувањето на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,12 п.п.), во услови на остварен раст на каматните стапки на кредитите во странска валута и денарските кредити без валутна клаузула (за 0,10 п.п. и 0,01 п.п., соодветно). Во споредба со март 2021 година, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата бележи пад од 0,14 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во март, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата е намалена за 0,01 п.п. на месечна основа и изнесува 0,68%. Надолната промена се должи на падот кај сите компоненти: каматните стапки на депозитите во денари со валутна клаузула (за 0,03 п.п), како и каматните стапки на депозитите во странска валута и каматните стапки на депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,01 п.п., соодветно). Годишното намалување на оваа каматна стапка изнесува 0,18 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9], во март, изнесува 0,63% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на февруари, што во целост произлегува од намалувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п.), при остварен раст на каматните стапки на депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,21 п.п.). Овој месец не се евидентирани новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е пониска за 0,14 п.п., на годишна основа.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 мај 2022 година (референтен пресек заклучно со април 2022 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).